1830
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

СЛУЖ[...]
НА СОЦИЈАЛИСТИ[...]

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словеначки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-19644

[...]ток, 21 мај 1982
БЕЛГРАД
БРОЈ 29 ГОД. XXXVIII

Цена на овој број е 24 динари. — Аконтацијата за 1982 година изнесува 1.030 динари. Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристиќа број 1, Пошт. фах 226. — Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-855; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

381.

Врз основа на член 29 од Законот за личните доходи на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ и за надоместите на личните доходи на делегатите во Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ“, бр. 30/75, 16/77 и 62/79), Административната комисија на Собранието на СФРЈ на седницата од 11 мај 1982 година донесе

## ОДЛУКА

### ЗА НАДОМЕСТИТЕ ЗА СЛУЖБЕНО ПАТУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБРАНИЕТО НА СФРЈ И НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ ШТО ГИ ИЗБИРА ИЛИ ИМЕНУВА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ

1. Со оваа одлука се уредуваат условите и начинот на остварувањето на правото на дневница и другите надомести за службено патување во странство на делегатите во Собранието на СФРЈ и на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ.

2. На делегатите и функционерите од точка 1 на оваа одлука им припаѓа за службено патување во странство дневницата утврдена за I група работни места во Решението за највисоките износи на дневниците за службено патување во странство што на сојузните органи на управата и на сојузните организации им се признаваат во материјални трошоци („Службен лист на СФРЈ“, бр. 29/81).

3. На претседателот на Собранието на СФРЈ и на претседателот на Сојузниот извршен совет дневницата за службено патување во странство им се зголемува за 50% од износот од точка 2 на оваа одлука.

На делегатите и на функционерите од точка 1 на оваа одлука дневницата за службено патување во странство од точка 2 им се зголемува за 20%.

4. На делегатите и на функционерите од точка 1 на оваа одлука износот на дневниците за службено патување во странство од точ. 2 и 3 им се намалува и тоа:

а) ако во странство без надомест им е обезбеден стан и исхрана —за 80%;

б) ако во странство без надомест им е обезбеден само стан или само исхрана — за 40%;

5. Превозното средство што делегатите и функционерите од точка 1 на оваа одлука можат да го користат за службено патување во странство се определува во патниот налог.

6. Претседателот на Собранието на СФРЈ и претседателот на Сојузниот извршен совет имаат право на службено патување во странство да користат I класа авион, а во спални коли цела кабина.

Делегатите и функционерите од точка 1 на оваа одлука имаат право на службено патување во странство да користат туристичка класа во авион, а во спални коли - постела во кабина.

7. Ако делегатот или функционерот од точка 1 на оваа одлука при службено патување во странство користи сопствен патнички автомобил, надомест на трошоците на превозот му припаѓа во височина на цената за возен билет на најекономично превозно средство.

8. На делегатите и функционерите од точка 1 на оваа одлука кога патуваат во странство како членови на парламентарни делегации износот на дневницата за службено патување во странство од точка 2 на оваа одлука им се зголемува за 20%.

Лицата од став 1 на оваа точка го користат превозното средство утврдено во патниот налог.

Шеф на парламентарна делегација кога патува во странство има право во авион да користи I класа, а во спални коли цела кабина.

9. Правата на дневници и другите трошоци членовите на парламентарна делегација што не се делегати или функционери од точка 1 на оваа одлука кога патуваат во странство ги остваруваат со сходна примена на Уредбата за издатоците за службено патување во странство што на сојузните органи на управата и на сојузните организации им се признаваат во материјални трошоци („Службен лист на СФРЈ“, бр. 12/81 и 13/82).

Дневниците и другите надомести за службено патување во странство на лицата од став 1 на оваа точка паѓаат на товар на органот што ја определил парламентарната делегација.

10. На претседателот на Собранието на СФРЈ и на претседателот на Сојузниот извршен совет, кога патуваат во странство, можат да им се признаат трошоци за издатоци за кои не е можно да се поднесе соодветна документација најмногу до износот на една дневница.

11. Ако со програмата на посетата во текот на службениот престој во странство е предвиден прием, ручек или слично, на делегатот или на функционерот од точка 1 на оваа одлука ќе му се признаат направените трошоци спрема поднесените сметки.

12. Ако делегатите или функционерот од точка 1 на оваа одлука или лице во нивна придружба во текот на службениот престој во странство се разболи или заради лекување се смести во здравствена установа на странска земја, дневницата за службено патување во странство од точ. 2 и 3 на оваа одлука се намалува за 50%.

13. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 114-34/82-013
12 мај 1982 година
Белград

**Административна комисија на Собранието на СФРЈ**

Претседател,
**Рајко Гаговиќ**, с. р.

**382.**

Врз основа на член 347 точка 11 од Уставот на СФРЈ и член 212 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78 и 21/82), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНИ НА ДЕЛОВНИКОТ НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

Член 1

Во Деловникот на Сојузниот извршен совет („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/79 и 25/81) член 41 се менува и гласи:

„Комисии на Советот се:

1) Комисија за нуклеарна енергија;

2) Комисија за прашања на општествено-економскиот и политичкиот систем;

3) Комисија за планирање и развој и за прашања на текуштата економска и социјална политика;

4) Комисија за кадровски и организациони прашања на сојузната управа;

5) Комисија за надворешни работи;

6) Комисија за одбранбени подготовки и општествена самозаштита и за прашања на производството и прометот на вооружување и воена опрема;

7) Комисија за координација на соработката помеѓу Југославија и Советот за заемна економска помош (СЕВ);

8) Комисија за координација на економската соработка помеѓу Југославија и Европската заедница (ЕЗ), Европското здружение на слободната трговија (EFTA) и Организацијата за економска соработка и развој (OECD);

9) Комисија за соработка со земјите во развој;

10) Комисија за мирољубиво користење на космосот;

11) Комисија за буџетски прашања;

12) Комисија за односи со верските заедници;

13) Комисија за станбени прашања."

Член 2

Член 43 се менува и гласи:

„Комисијата за општествено-економски и политички систем разгледува прашања што се однесуваат на: остварувањето и натамошниот развој на со Уставот на СФРЈ утврденото општествено-економско уредување и единствените основи на општествено-политичкиот систем, а особено остварувањето на уставната позиција на здружениот труд и натамошниот развој на социјалистичките самоуправни општествено-економски и политички односи; системот на проширената репродукција; системот на општественото планирање; основите на единствениот југословенски пазар; системот на економските односи со странство; општествената заштита на самоуправните права и општествената сопственост; натамошниот развој на правниот систем; остварувањето на основите на системот на општественото информирање; изградбата на системот на државната управа; остварувањето на уставните начела за правосудниот систем."

Член 3

Член 44 се менува и гласи:

„Комисијата за планирање и развој и за прашања на текуштата економска и социјална политика разгледува прашања што се однесуваат на: остварувањето на системот на општественото планирање; подготвувањето на долгорочните и среднорочните концепции и програми на развојот; подготвувањето и остварувањето на општествениот план и на актите за остварување на општествениот план во текуштата година; политиката на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини; финансирањето на федерацијата; прописите и мерките во областа на стопанството и општествените дејности од становиштето на нивната материјална положба, како и на економските односи со странство и прашањата на новиот меѓународен економски поредок, а особено во областа на пазарот и цените, финансиите, надворешнотрговскиот и девизниот систем, кредитно-монетарната политика, царинската и вонцаринската заштита, даночната политика и буџетот на федерацијата.

Комисијата разгледува и прашања што се однесуваат на работата на југословенскиот дел на мешовитите комитети, на одборите и комисиите за стопанска и научнотехничка соработка на Југославија со одделни земји."

Член 4

Чл. 45 и 46 се бришат.

Член 5

Член 47 се менува и гласи:

„Комисијата за кадровски и организациони прашања на сојузната управа разгледува прашања што се однесуваат на: остварувањето на кадровската политика и кадровското оспособување на сојузните органи на управата и сојузните организации, на стручните и другите служби на Советот, како и на други прашања на кадровската политика од надлежноста на Советот; унапредувањето на организацијата и начинот на работата на сојузните органи на управата; развојот и остварувањето на самоуправувањето во сојузните органи на управата и сојузните организации и во стручните и други служби на Советот; остварувањето на јавноста на работата во Советот и во сојузните органи на управата и сојузните организации; средствата во општествена сопственост што ги користат органите на федерацијата; одликувањата на функционерите, на раководните работници и на работниците во сојузните органи на управата и сојузните организации и во стручните служби на Советот, како и прашања што не се во делокругот на другите комисии.

Кога дава мислење за предлозите на кадровски решенија, комисијата работи во составот во кој се застапени само членовите на Советот кои се членови на комисијата.

Комисијата ги утврдува предлозите на поединечните акти од надлежност на Советот, и тоа:

1) за давање согласност на општите акти за внатрешната организација и за работата на сојузните органи на управата и сојузните организации и на општите акти за систематизацијата на задачите и работите во тие органи и организации, како и на општите акти за внатрешната организација и работата и на општите акти за систематизација на задачите и работите во стручните и другите служби на Советот;

2) за располагањето со средствата во општествена сопственост што ги користат органите на федерацијата;

3) по повод приговорите на сојузните органи на управата и сојузните организации во поглед на користењето на просториите за работа, опремата и инвентарот на тие органи и организации.

Комисијата ги утврдува и предлозите на решенија во управната постапка од надлежност на Советот."

Член 6

Член 48 се менува и гласи:

„Комисијата за надворешни работи разгледува прашања од областа на политичките односи на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со други држави и меѓународни организации и од областа на меѓународната научна, просветнокултурна и техничка соработка со други држави и меѓународни организации; програмите за меѓународна соработка и извештаите за остварувањето на таа соработка; платформите за водење преговори и за склучување на меѓународни договори; прашања во врска со планирањето и усогласувањето на меѓународните активности на Советот и на сојузните органи на управата и сојузните организцаии; прашања во врска со информативно-пропагандната дејност на нашата земја спрема странство; кадровски прашања што се однесуваат на предлозите за назначување на амбасадори и генерални конзули.

Комисијата дава мислење за давањето материјална и друга помош на неврзаните земји, на земјите во развој и на ослободителните движења од гледиштето на политичките односи со тие земји и движења."

Член 7

Член 49 се менува и гласи:

„Комисијата за одбранбени подготовки и општествена самозаштита и за прашања на производството и прометот на вооружување и воена опрема разгледува прашања што се однесуваат на: спроведувањето на основите на плановите и на подготвителните мерки за одбраната на земјата и на основите на подготовката на стопанството и на општествените дејности за функционирање во војна; спроведувањето на одбранбени подготовки и остварувањето општествена самозаштита на Советот, на сојузните органи на управата и на сојузните организации и на други органи и организации; прашањата на развојот, планирањето и остварувањето на мерките на текуштата економска политика во областа на производството и прометот на вооружување и воена опрема, како и прашањата на економската и научно-техничката соработка со други земји во областа на вооружувањето и воената опрема."

Член 8

Во член 50 зборовите: „и дава согласност за учество и упатства за работа" се бришат.

Член 9

Член 51 се менува и гласи:

„Комисијата за координација на економската соработка меѓу Југославија и Економската заедница (ЕЗ), Европското здружение на слободната трговија (EFTA) и Организацијата за економска соработка и развој (OECD) разгледува прашања што се однесуваат на економската соработка помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и ЕЗ, EFTA и OECD и му дава предлози на Советот за унапредување на соработката и за спроведување на единствена политика во областа на економската соработка меѓу нашата земја и тие организации; ги обединува активностите на носителите на соработката во СФРЈ со тие органзации и му предлага на Советот програма на активности на СФРЈ со тие организации; му дава предлози на Советот за составот на делегацијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на заседанието на Мешовитата комисија на СФРЈ — ЕЗ, на Мешовитиот комитет на СФРЈ — EFTA на министерско ниво и за составот на делегацијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на заседанието на Советот на OECD и Комитетот на OECD на министерско ниво.

Кога се во прашање заседанија на заедничките поткомисии, поткомитети и други работни тела формирани во рамките на мешовитите комитети и комисии на тие организации и на други органи и тела на тие организации, Комисијата го определува, врз основа на ставовите на Советот, составот на делегацијата од редот на постојаните членови на Комисијата, на државните органи и на самоуправните организации, а по потреба определува и експерти од тие органи и организации".

Член 10

Член 52 се брише.

Член 11

Член 53 се менува и гласи:

„Комисијата за соработка со земјите во развој разгледува прашања што се однесуваат на: економската соработка на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со земјите во развој; соработката со соодветните организации на земјите во развој што се занимаваат со прашањата на економскиот развој на земјите во развој; прашањата во врска со користењето на средствата на Фондот на солидарноста со неврзаните земји и со земјите во развој; остварувањето на економските одлуки усвоени на собирите на неврзаните земји и на земјите во развој; му дава предлози на Советот за составот на делегацијата за заседание на меѓународните организации што се занимаваат со прашањата на економскиот развој на земјите во развој. Кога се во прашање други органи и тела во рамките на тие организации, Комисијата го определува, врз основа на ставовите на Советот, составот на делегацијата од редот на постојаните членови на Комисијата, на државните органи и на самоуправните организации, а по потреба и експерти од тие органи и организации."

Член 12

Член 55 се брише.

Член 13

Член 57 се брише.

Член 14

Во член 60 зборовите: „42 до 47" се заменуваат со зборовите: „42 до 44".

Член 15

Во член 61 зборовите: „од чл. 50 до 53" се заменуваат со зборовите: „од чл. 50, 51 и 53".

Член 16

Во член 62 став 2 зборовите: „41 точ. 2 до 6" се заменуваат со зборовите: „41 точ. 2 и 3".

Во став 3 зборовите: „41 точ. 8 до 17" се заменуваат со зборовите: „точ. 4 до 13".

Член 17

Во член 63 став 1 зборовите: „41 точ. 1, 9 до 13 и 17" се заменуваат со зборовите: „41 точ. 1, 7 до 9 и 12".

Член 18

Во член 64 зборовите: „41 точ. 1 до 5, 8 до 13 и 17" се заменуваат со зборовите: „41 точ. 1 до 3, 6 до 10 и 12".

Член 19

Во член 71 став 1 зборовите: „47 ст. 3 и 4 и од член 56 став 3", се заменуваат со зборовите: „47 ст. 2 и 3, член 56 и член 58а".

Член 20

Во член 74 став 2 се менува и гласи:

„По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, стручните и административните работи за потребите на Комисијата за кадровски и организациони прашања на сојузната управа, во делот што се однесува на кадровските прашања, ги врши стручната служба на Советот за персонални работи, а стручните и административните работи за потребите на Комисијата за одбранбени подготовки и општествена самозаштита и за прашања на производството и прометот на вооружување и воена опрема, во делот што се однесува на одбранбените подготовки и општествената самозаштита — стручната служба на Советот за одбранбени подготовки".

Член 21

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 203
16 мај 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Милка Планинц**, с. р.

**383.**

Врз основа на член 216 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78 и 21/82), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

1. Во Одлуката за Генералниот секретаријат на Сојузниот извршен совет („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/79) во точка 2 став 1 во одредбата под 13 се додаваат две нови одредби, кои гласат:

„13а) стручните и другите задачи и работи во врска со функционирањето на информациониот систем на Советот;

13б) стручните и административните работи за потребите на Фондот на солидарноста со неврзаните земји и со земјите во развој;".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 198
15 мај 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

**384.**

Врз основа на член 72 став 2 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДЕВИЗИТЕ УТВРДЕНИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОРГАНИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА И ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА И ДОЛЖНОСТИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1982 ГОДИНА

1. Девизите за потребите на органите на федерацијата и за потребите на остварувањето на правата и должностите на федерацијата утврдени во точка 2 одредба под 2 од Одлуката за утврдување на вкупниот износ на девизи за потребите на федерацијата во 1982 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/81 и 23/82) во противвредност од 33.977,402.300 динари, можат да се користат за нестоковни и за стоковни плаќања на сојузните органи и организации, на определени органи на општествените организации и на установите што вршат работи од интерес за остварување на функциите на федерацијата, а својата дејност ја вршат на целата територија на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, ако средствата за извршување на тие задачи од сопствените приходи не им се доволни, како и за намирување на другите потреби на федерацијата, и тоа:

1) за нестоковни плаќања —
до износ од 4.840,473.500 динари,
2) за стоковни плаќања —
до износ од 28.618,263.000 динари.

Од вкупниот износ на девизите од став 1 на оваа точка се издвојува износ од 518,665.800 динари за намирување на непредвидените и недоволно предвидените расходи (средства на резервата).

Се овластува сојузниот секретар за финансии, по барањата на надлежните наредбодавци, да одобрува средства од резервата од став 2 на оваа точка, кои во секој поединечен случај не го надминуваат износот од 100.000 динари.

2. Со распоредот на девизите за 1982 година, што е отпечатен кон оваа одлука и претставува нејзин составен дел, се утврдуваат, во границите на износите од точка 1 став 1 на оваа одлука, највисоките износи на девизите за одделни корисници.

3. Од вкупниот износ на девизите од точка 1 на оваа одлука можат да се користат 74,83% во конвертибилни девизи, а 25,17% во други девизи.

Се овластува сојузниот секретар за финансии на одделни корисници да може да им одобрува користење на девизи во поголеми, односно во помали проценти од процентите утврдени во став 1 на оваа точка, со тоа што вкупниот износ на девизите да не може да надмине 74,83% во конвертибилни девизи.

4. Заради рамномерно користење на девизите од точка 1 на оваа одлука, сојузниот секретар за финансии, во согласност со потребите на корисниците и со насоките на Сојузниот извршен совет, ја утврдува динамиката на користењето на девизите за секое тримесечје.

5. Се овластува сојузниот секретар за финансии, по барањата на надлежните наредбодавци, да врши измени на намената и височината на средствата утврдени за нестоковни плаќања во Распоредот на девизите за 1982 година.

6. Се овластува сојузниот секретар за финансии, по барањата од надлежните наредбодавци, да врши рефундација на средствата утврдени во Распоредот на девизите за 1982 година.

7. Во износот на девизите од точка 1 на оваа одлука е опфатен износот на девизите што им е ставен на располагање на корисниците од Распоредот на девизите за 1982 година до денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

8. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за распоредување на девизите утврдени за потребите на органите на федерацијата и за потребите на остварувањето на правата и должностите на федерацијата за 1982 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/81).

9. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 197
13 мај 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип,** с. р.

## РАСПОРЕД НА ДЕВИЗИТЕ ЗА 1982 ГОДИНА

| Реден број | Корисник | Изразено во динари | |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | Претседателство на Социјалистичка Федеративна Република Југославија | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 4,593.000 | |
| | — други плаќања | 300.000 | 4,893.000 |
| | Стоковни плаќања | | 500.000 |
| | Вкупно: | | 5,393.000 |
| 2 | Служба за репрезентативните објекти на Претседателството на СФРЈ | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 64.000 | |
| | — други плаќања | 491.000 | 555.000 |
| | Стоковни плаќања | | 1,268.000 |
| | Вкупно: | | 1,823.000 |
| 3 | Собрание на СФРЈ | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 4.867.000 | |
| | — котизации | 995.000 | |
| | — други плаќања | 11.000 | 5,873.000 |
| | Стоковни плаќања | | 8,000.000 |
| | Вкупно: | | 13,873.000 |
| 4 | Совет на федерацијата | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | | 75.000 |
| | Вкупно: | | 75.000 |
| 5 | Управа на Островите Бриони | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања: | 51.000 | |
| | — други плаќања | 1,965.000 | 2,016.000 |
| | Стоковни плаќања | | 1,940.000 |
| | Вкупно: | | 3,956.000 |
| 6 | Сојузен извршен совет | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 20,576.000 | |
| | — котизации | 81,524.000 | 102,100.000 |
| | Стоковни плаќања | | 109,683.000 |
| | Вкупно: | | 211,783.000 |
| 7 | Служба за одбранбени подготовки на Сојузниот извршен совет | | |
| | Стоковни плаќања | | 6,124.000 |
| | Вкупно: | | 6,124.000 |
| 8 | Служба за работи на преведување на Сојузниот извршен совет | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 139.000 | |
| | — специјализации | 290.000 | 429.000 |
| | Стоковни плаќања | | 1,112.000 |
| | Вкупно: | | 1,541.000 |
| 9 | Уставен суд на Југославија | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | | 40.000 |
| | Вкупно: | | 40.000 |
| 10 | Сојузен суд | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | | 92.000 |
| | Вкупно: | | 92.000 |
| 11 | Сојузно јавно обвинителство | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | | 107.000 |
| | Вкупно: | | 107.000 |
| 12 | Сојузно јавно правобранителство | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | | 134.000 |
| | Вкупно: | | 134.000 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 13 | Сојузен секретаријат за надворешни работи | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 52,552.000 | |
| | — претставништва | 2.416,082.000 | |
| | — котизации | 116,214.000 | |
| | — други плаќања | 19,413.000 | 2.604,261.000 |
| | Стоковни плаќања: | | 15,310.000 |
| | Вкупно: | | 2.619,571.000 |
| 14 | Сојузен секретаријат за народна одбрана | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 10,329.000 | |
| | — претставништва | 113,237.000 | |
| | — котизации | 1,494.000 | |
| | — лекувања во странство | 12,551.000 | |
| | — специјализации | 108,195.000 | |
| | — други плаќања | 9,853.000 | 255,659.000 |
| | | | 26.663,054.000 |
| | Вкупно: | | 26.918,713.000 |
| 15 | Сојузен секретаријат за внатрешни работи | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 5,827.000 | |
| | — котизации | 4,976.000 | |
| | — специјализации | 1,531.000 | |
| | — други плаќања | 151,812.000 | 164,146.000 |
| | Стоковни плаќања | | 230,620.000 |
| | Вкупно: | | 394,766.000 |
| 16 | Сојузен секретаријат за финансии | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 1,472.000 | |
| | — котизации | 460,212.000 | |
| | — трансфер на наследства | 18.372.000 | |
| | — други плаќања | 82,434.000 | 562,490.000 |
| | Вкупно: | | 562,490.000 |
| 17 | Сојузен секретаријат за надворешна трговија | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 1,513.000 | |
| | — котизации | 19,967.000 | |
| | — други плаќања | 214.000 | 21,694.000 |
| | Вкупно: | | 21,694.000 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 18 | Сојузен секретаријат за пазар и општи стопански работи | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 276.000 | |
| | — котизации | 4,408.000 | |
| | — други плаќања | 30.000 | 4,714.000 |
| | Вкупно: | | 4,714.000 |
| 19 | Сојузен секретаријат за правосудство и организација на сојузната управа | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | | 549.000 |
| | Вкупно: | | 549.000 |
| 20 | Завод за унапредување на сојузната управа | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — котизации | | 314.000 |
| | Вкупно: | | 314.000 |
| 21 | Завод за информатика на сојузните органи | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 31.000 | |
| | — други плаќања | 191.000 | 222.000 |
| | Стоковни плаќања | | 8,140.000 |
| | Вкупно: | | 8,362.000 |
| 22 | Сојузен секретаријат за информации | | |
| | а) Сопствени плаќања | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 2,140.000 | |
| | — други плаќања | 2,600.000 | 4,740.000 |
| | Стоковни плаќања: | | 3,062.000 |
| | б) За потребите на Радио-Југославија | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | | 360.000 |
| | Стоковни плаќања | | 44,396.000 |
| | Вкупно: | | 52,558.000 |
| 23 | Сојузен комитет за законодавство | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | | 99.000 |
| | Вкупно: | | 99.000 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 24 | Сојузен комитет за енергетика и индустрија | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 1,300.000 | |
| | — котизации | 13,897.000 | 15,197.000 |
| | Вкупно: | | 15,197.000 |
| 25 | Сојузен комитет за земјоделството | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 1,944.000 | |
| | — котизации | 5,049.000 | |
| | — други плаќања | 4,180.000 | 11,173.000 |
| | Вкупно: | | 11,173.000 |
| 26 | Сојузен комитет за сообраќај и врски | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 1,524.000 | |
| | — котизации | 15,236.000 | 16,760.000 |
| | Вкупно: | | 16,760.000 |
| 27 | Сојузен комитет за труд, здравство и социјална заштита | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 1,520.000 | |
| | — котизации | 58,210.000 | 59,730.000 |
| | Вкупно: | | 59,730.000 |
| 28 | Сојузно биро за работи на вработувањето | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 690.000 | |
| | — претставништва | 227.000 | 917.000 |
| | Вкупно: | | 917.000 |
| 29 | Сојузен комитет за прашања на борците и воените инвалиди | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 92.000 | |
| | — инвалиднини | 52,666.000 | |
| | — лекување во странство | 3,062.000 | |
| | — други плаќања | 2,364.000 | 58,184.000 |
| | Вкупно: | | 58,184.000 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 30 | Сојузна управа за царини | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 791.000 | |
| | — котизации | 1,633.000 | 2,424.000 |
| | Стоковни плаќања | | 75,716.000 |
| | Вкупно: | | 78,140.000 |
| 31 | Сојузна управа за контрола на летањето | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 516.000 | |
| | — котизации | 247.000 | |
| | — специјализации | 1,837.000 | |
| | — други плаќања | 6,520.000 | 9,120.000 |
| | Стоковни плаќања | | 467,784.000 |
| | Вкупно: | | 476,904.000 |
| 32 | Сојузна управа за радиоврски | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 343.000 | |
| | — специјализации | 55.000 | 398.000 |
| | Стоковни плаќања | | 2,108.000 |
| | Вкупно: | | 2,506.000 |
| 33 | Сојузен пазарен инспекторат | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | | 50.000 |
| | Вкупно: | | 50.000 |
| 34 | Сојузен девизен инспекторат | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | | 446.000 |
| | Вкупно: | | 446.000 |
| 35 | Сојузен воздухопловен инспекторат | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 501.000 | |
| | — други плаќања | 33.000 | 534.000 |
| | Стоковни плаќања | | 992.000 |
| | Вкупно: | | 1,526.000 |
| 36 | Сојузен завод за општествено планирање | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | | 254.000 |
| | Стоковни плаќања | | 720.000 |
| | Вкупно: | | 974.000 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 37 | Сојузна заедница за работи на цените | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | | 69.000 |
| | Вкупно: | | 69.000 |
| 38 | Сојузен завод за меѓународна научна, просветно-културна и техничка соработка | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 4,121.000 | |
| | — котизации | 34,493.000 | |
| | — други плаќања | 51,870.000 | 90.484.000 |
| | Вкупно: | | 90,484.000 |
| 39 | Сојузен завод за статистика | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 543.000 | |
| | — котизации | 24.500 | 567.500 |
| | Стоковни плаќања | | 90,979.000 |
| | Вкупно: | | 91,546.500 |
| 40 | Сојузен хидрометеоролошки завод | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 282.000 | |
| | — котизации | 25,126.000 | |
| | — други плаќања | 279.000 | 25,687.000 |
| | Стоковни плаќања | | 6,582.000 |
| | Вкупно: | | 32,269.000 |
| 41 | Сојузен завод за стандардизација | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 700.000 | |
| | — котизации | 4,630.000 | |
| | — други плаќања | 178.000 | 5,508.000 |
| | Стоковни плаќања | | 2,765.000 |
| | Вкупно: | | 8,273.000 |
| 42 | Сојузен завод за патенти | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | | 197.000 |
| | Стоковни плаќања | | 1,169.000 |
| | Вкупно: | | 1,366.000 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 43 | Сојузен завод за мери и скапоцени метали | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 275.000 | |
| | — котизации | 980.000 | |
| | — други плаќања | 32.000 | 1,287.000 |
| | Стоковни плаќања | | 919.000 |
| | Вкупно: | | |
| 44 | Сојузен геолошки завод | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | | 201.000 |
| | Вкупно: | | 201.000 |
| 45 | Сојузна дирекција за резерви на прехранбени производи | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | | 244.000 |
| | Вкупно: | | 244.000 |
| 46 | Сојузна дирекција за резерви на индустриски производи | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | | 535.000 |
| | Вкупно: | | 535.000 |
| 47 | Сервис за давање услуги за потребите на репрезентација на сојузните органи | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 1,692.000 | |
| | — други плаќања | 47,529.000 | 49,221.000 |
| | Стоковни плаќања | | 39,804.000 |
| | Вкупно: | | 89,025.000 |
| 48 | Сервис за административни и сметководствени работи на сојузните органи на управата и на сојузните организации | | |
| | Стоковни плаќања | | 4,646.000 |
| | Вкупно: | | 4,646.000 |
| 49 | Автосервис на сојузните органи | | |
| | Стоковни плаќања | | 2,392.000 |
| | Вкупно: | | 2,392.000 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 50 | Управа на деловните згради за сојузните органи | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | | 95.000 |
| | Стоковни плаќања | | 4,586.000 |
| | Вкупно: | | 4,681.000 |
| 51 | Фонд на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | | 120.000 |
| | Вкупно: | | 120.000 |
| 52 | Претседателство на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Југославија | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 857.000 | |
| | — други плаќања | 1,225.000 | 2,082.000 |
| | Стоковни плаќања | | 5,584.000 |
| | Вкупно: | | 7,666.000 |
| 53 | Работна организација за давање услуги и за одржување на зградата на ЦК на СКЈ и на ЦК на СКС „Палата на ЦК“ | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 25.000 | |
| | — други плаќања | 1,258.000 | 1,283.000 |
| | Стоковни плаќања | | 8,141.000 |
| | Вкупно: | | 9,424.000 |
| 54 | Сојузна конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 3,210.000 | |
| | — други плаќања | 8,405.000 | 11,615.000 |
| | Вкупно: | | 11,615.000 |
| 55 | Претседателство на Конференцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 4,346.000 | |
| | — котизации | 358.000 | |
| | — други плаќања | 157.000 | 4,861.000 |
| | Вкупно: | | 4,861.000 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 56 | Сојуз на здруженијата на борците од Народноослободителната војна на Југославија | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 875.000 | |
| | — котизации | 79.000 | 954.000 |
| | Вкупно: | | 954.000 |
| 57 | Совет на Сојузот на синдикатите на Југославија | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 2,906.000 | |
| | — котизации | 689.000 | |
| | — други плаќања | 5,979.000 | 9,574.000 |
| | Вкупно: | | 9,574.000 |
| 58 | Претседателство на Црвениот крст на Југославија | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 1,000.000 | |
| | — котизации | 1,851.000 | |
| | — други плаќања | 2,463.000 | 5,314.000 |
| | Вкупно: | | 5,314.000 |
| 59 | Југословенска лига за мир, независност и рамноправност на народите | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 428.000 | |
| | — котизации | 23.000 | 451.000 |
| | Вкупно: | | 451.000 |
| 60 | Сојуз на здруженијата за Обединетите нации на Југославија | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 113.000 | |
| | — котизации | 51.000 | 164.000 |
| | Вкупно: | | 164.000 |
| 61 | Сојуз за физичка култура на Југославија | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 9,605.000 | |
| | — котизации | 3,308.000 | 12,913.000 |
| | Стоковни плаќања | | 3,062.000 |
| | | | 15,975.000 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 62 | Народна техника — Сојуз на организациите за техничка култура на Југославија | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 293.000 | |
| | — котизации | 475.000 | 768.000 |
| | Стоковни плаќања | | 183.000 |
| | Вкупно: | | 951.000 |
| 63 | Пожарникарски сојуз на Југославија | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 272.000 | |
| | — котизации | 43.000 | 315.000 |
| | Вкупно: | | 315.000 |
| 64 | Туристички сојуз на Југославија | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 110.000 | |
| | — претставништва | 81,562.000 | |
| | — други плаќања | 30,957.000 | 112,629.000 |
| | Вкупно: | | 112,629.000 |
| 65 | Југословенски совет за безбедност на сообраќајот | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 110.000 | |
| | — котизации | 61.000 | 171.000 |
| | Вкупно: | | 171.000 |
| 66 | Служба за општествено книговодство на Југославија | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 420.000 | |
| | — котизации | 140.000 | |
| | — други плаќања | 4,200.000 | 4,760.000 |
| | Стоковни плаќања | | 412,706.000 |
| | Вкупно: | | 417,466.000 |
| 67 | Народна банка на Југославија | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 2,527.000 | |
| | — котизации | 83.000 | |
| | — други плаќања | 231.000 | 2.841.000 |
| | Стоковни плаќања | | 195,102.000 |
| | Вкупно: | | 197,943.000 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 68 | Стопанска комора на Југославија | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 4,108.000 | |
| | — претставништва | 164,159.000 | |
| | — саеми и изложби | 103,088.000 | |
| | — котизации | 2,907.000 | |
| | — други плаќања | 2,148.000 | 276,410.000 |
| | Стоковни плаќања | | 1,171.000 |
| | Вкупно: | | 277,581.000 |
| 69 | Задружен сојуз на Југославија | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 392.000 | |
| | — котизации | 334.000 | 726.000 |
| | Вкупно: | | 726.000 |
| 70 | Новинска агенција „Танјуг“ | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 3,558.000 | |
| | — дописништва | 94,240.000 | |
| | — котизации | 956.000 | |
| | — други плаќања | 36,136.000 | 134,890.000 |
| | Стоковни плаќања | | 62,506.000 |
| | Вкупно: | | 197,396.000 |
| 71 | Национален одбор на СФРЈ на Меѓународната трговска комора | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 79.000 | |
| | — котизации | 312.000 | 391.000 |
| | Вкупно: | | 391.000 |
| 72 | Сојуз на заедниците за здравствено осигурување и за здравство на Југославија | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 110.000 | |
| | — здравствена заштита | 89,219.000 | 89,329.000 |
| | Вкупно: | | 89,329.000 |
| 73 | Сојуз на заедниците за пензиско и инвалидско осигурување на Југославија | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 110.000 | |
| | — котизации | 1,110.000 | 1,220.000 |
| | Вкупно: | | 1,220.000 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 74 | Архив на Југославија | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 217.000 | |
| | — котизации | 7.000 | 224.000 |
| | Вкупно: | | 224.000 |
| 75 | Филмски новости | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 246.000 | |
| | — котизации | 77.000 | 323.000 |
| | Стоковни плаќања | | 3,062.000 |
| | Вкупно: | | 3,385.000 |
| 76 | Установа за одржување на поморските пловни патишта | | |
| | Нестоковни плаќања: | | 16,396.000 |
| | Вкупно: | | 16,396.000 |
| 77 | Установа за одржување на внатрешните пловни патишта | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 149.000 | |
| | — котизации | 66.000 | 215.000 |
| | Стоковни плаќања | | 33,028.000 |
| | Вкупно: | | 33,243.000 |
| 78 | Југословенски регистар на бродовите | | |
| | Стоковни плаќања | | 1,163.000 |
| | Вкупно: | | 1,163.000 |
| 79 | Новинска установа „Службен лист на СФРЈ" | | |
| | Стоковни плаќања | | 32,890.000 |
| | Вкупно: | | 32,890.000 |
| 80 | Југословенски центар за техничка и научна документација | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 100.000 | |
| | — котизации | 73.000 | |
| | — други плаќања | 78.000 | 251.000 |
| | Стоковни плаќања | | 2,755.000 |
| | Вкупно: | | 3,006.000 |
| 81 | Југословенска радио-телевизија | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 2,578.000 | |
| | — котизации | 35,174.000 | |
| | — други плаќања | 21,277.000 | 59,029.000 |
| | Стоковни плаќања | | 1,480.000 |
| | Вкупно: | | 60,509.000 |
| 82 | Новинско-издавачко претпријатие „Комунист" | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 910.000 | |
| | — други плаќања | 2,347.000 | 3,257.000 |
| | Стоковни плаќања | | 46.000 |
| | Вкупно: | | 3,303.000 |
| 83 | Новинско-издавачко и графичко претпријатие „Борба" | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | 4,101.000 | |
| | — дописништва | 10,791.000 | |
| | — други плаќања | 3,573.000 | 18,465.000 |
| | Стоковни плаќања | | 42,265.000 |
| | Вкупно: | | 60,730.000 |
| 84 | Геомагнетски институт | | |
| | Нестоковни плаќања: | | |
| | — службени патувања | | 84.000 |
| | Стоковни плаќања | | 2,352.000 |
| | Вкупно: | | 2,436.000 |

## 385.

Врз основа на член 10 став 1 од Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/79), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОСТОЈАН ГРАНИЧЕН ПРЕМИН ЛИПИЦА ЗА МЕЃУНАРОДЕН ДРУМСКИ СООБРАЌАЈ

1. За преминување на државната граница спрема Република Италија се определува постојан граничен премин Липица за меѓународен друмски сообраќај.

2. Граничниот премин од точка 1 на ова решение ќе почне со работа на 29 мај 1982 година.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 196
13 мај 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип, с. р.**

**386.**

Врз основа на член 9 став 3 од Законот за Установата за одржувањае на поморските пловни патишта („Службени лист на СФРЈ“, бр. 50/74 и 17/81), во согласност со сојузниот секретар за финансии, Сојузниот комитет за сообраќај и врски донесува

# ТАРИФА

## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПЛОВИДБАТА И НА УСЛУГИТЕ НА РАДИОСЛУЖБАТА НА ПОМОРСКИТЕ ПЛОВНИ ПАТИШТА

1. Надомест за користење на објектите за безбедност на пловидбата и на услугите на радиослужбата на поморските пловни патишта во крајбрежното море на Југославија, на кои важи меѓународниот режим на пловидбата, плаќаат домашни и странски бродови, чамци и технички пловни објекти.

Надомест за користење на објектите за безбедност на пловидбата плаќаат домашни и странски бродови преку 10 бруто-регистарски тони (во натамошниот текст: BRT), чамци преку 6 m должина кои имаат палуба најмалку 1 m на својот преден дел и технички пловни објекти (во натамошниот текст: пловни објекти), кога ќе впловат во пристаништа или сидришта во крајбрежното море на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на реките на јадранскиот слив или на Скадарското Езеро.

Надомест за користење на услугите на радиослужбата плаќаат домашни и странски пловни објекти, без оглед каде се наоѓаат во моментот на користењето на услугите.

2. Надоместот за користење на објектите за безбедност на пловидбата и надоместот за користење на услугите на радиослужбата се плаќаат во корист на Установата за одржување на поморските пловни патишта.

Надоместот од став 1 на оваа точка го пресметува и наплатува Установата за одржување на поморските пловни патишта.

3. Наплатените надомести од точка 1 на оваа тарифа не се враќаат ако пловен објект е отуѓен, уништен, односно ако е привремено или постојано ставен надвор од експлоатација, пред истекот на рокот за кој се платени надоместите.

4. Обврската за плаќање на надоместот за користење на објектите за безбедност на пловидбата настанува за пловните објекти:

1) кои првпат плаќаат надомест — во моментот на првото впловување во пристаниште односно доловување на сидриште;

2) кои веќе платиле надомест — првиот ден од денот на истекот на рокот за кој е платен надоместот.

Надоместот се плаќа во рок од осум дена од денот на настанувањето на обврската, а во секој случај пред моментот на исловувањето на пловниот објект од пристаништето односно од сидриштето.

5. Надомест за користење на објектите за безбедност на пловидбата не плаќаат домашни и странски воени бродови, како и бродови во служба на граничните единици, на органите за безбедност на пловидбата и на службата за внатрешни работи.

6. Надомест за користење на објектите за безбедност на пловидбата не плаќаат пловните објекти:

1) кога ќе вловат во пристаниште, односно на сидриште заради засолнување и привремено ќе ја прекинат пловидбата поради опасност предизвикана од виша сила или по наредба на органот за безбедност на пловидбата (невреме, магла, затворен пловен пат, запирање на сообраќајот и сл.);

2) ако е во прашање распрема;

3) ако е во прашање вршење на пропишани прегледи и потребни поправки;

4) ако е во прашање качување и симинување на заболени членови на екипажот;

5) ако е во прашање симнување на бродоломци или на лица што заболеле или умреле на бродот и на нивни придружници;

6) ако е во прашање пополнување на резерви на прехранбени продукти, на вода за пиење, на погонски и потрошен материјал;

7) ако е во прашање качување и симнување на пилоти, како и на други лица кога вршат службени работи (органи за внатрешни работи, царинска служба итн.);

8) ако е во прашање истовар на стоки од оштетен пловен објект, под услов тие стоки, по извршената поправка, повторно да се натоварат на истиот пловен објект;

9) ако е во прашање преминување на патници или претовар на стоки од еден на друг пловен објект или земање, односно ставање на влекот на пловен објект од причини за безбедност на пловидбата.

Надомест од став 1 на оваа тарифа на плаќаат новоизградени пловни објекти до моментот на пуштањето во експлоатација.

7. Надоместот за користење на објектите за безбедност на пловидбата се пресметува и наплатува:

1) за бродови со сопствен погон — врз основа на нето-ргистарската тонажа (во натамошниот текст: NRT);

2) за бродови без сопствен погон — врз основа на тоните на носивост;

3) за бродови што немаат означена нето-регистарска тонажа ниту носивост — врз основа на индицираните киловати (во натамошниот текст: индицираните kW).

За бродови со двојна тонажа, надоместот се наплатува според поголемата тонажа.

За патнички бродови преку 3.000 NRT надоместот се наплатува како да имат 3.000 NRT.

За влечени пловни објекти надоместот се пресметува според индицираните kW и се намалува за 50% од пропишаниот износ на надоместот што се плаќа за 30 дена.

За технички пловни објекти без сопствен погон, што имаат утврдена нето-регистарска тонажа, надоместот се наплатува според таа тонажа.

8. Надоместот за користење на објектите за безбедност на пловидбата се пресметува и наплатува за период од 30 дена или за период од 12 месеци, и тоа:

1) за секоја NRT за 30 дена — 9,40 динари, односно за 12 месеци — 55,00 динари;

2) по тона носивост за 30 дена — 3,80 динари, односно за 12 месеци — 22,10 динари;

3) според индицирани kW за 30 дена — 5,20 динари, односно за 12 месеци — 30,00 динари.

За бродови до 500 NRT во крајбрежната пловидба надоместот се пресметува и наплатува за 30 дена — 1,65 динари, односно за 12 месеци — 9,75 динари по секоја NRT.

За чамци со домашно знаме надоместот се наплатува за период од 12 месеци.

9. Надоместот за користење на услугите на радиослужбата (крајбрежната цена) се пресметува и наплатува, и тоа:

| ВИД УСЛУГА | Единица на мера | Надомест во динари |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Поморска радиотелеграма | секој збор<br>минимум од 7 зборови | 7,10<br>49,70 |
| Поморски радиотелефонски разговори: | | |
| VHF | 1 минута<br>минимум 3 минути | 17,70<br>53,10 |
| MF | 1 минута<br>минимум 3 минути | 41,20<br>123,60 |
| HF | 1 минута<br>минимум 3 минути | 70,10<br>210,30 |
| Посебни услуги во врска со поморска радиотелеграма (правец брод-копно) Итна (urgent) | секој збор<br>минимум од 20 зборови | 7,10<br>142,00 |
| Со платен одговор | секој збор<br>минимум од 20 зборови<br>за одговор | 7,10<br>142,00<br>142,00 |
| Врачување на определен ден | секој збор<br>минимум од 20 зборови | 8,90<br>178,00 |
| Телефонска покана и известие | секој нарачен радиотелефонски разговор | 40,00 |
| Метеоролошка радио-телеграма (СБС) | секоја радиотелеграма | 40,00 |
| Радиовести | според посебен договор | |
| Сигнал за калибрација | 1 час<br>или според посебен договор | 1,000,00 |

10. Надоместот за користење на објектите за безбедност на пловидбтаа и надоместот за користење на услугите на радиослужбата на странски бродови ќе се пресметува во странска валута, и тоа: во времето од денот на влегувањето на оваа тарифа во сила до крајот на тековната година — според курсот што е во сила на денот на влегувањето на оваа тарифа во сила, а во наредните години — според курсот што е во сила на 1 јануари односната година.

11. Со денот на влегувањето во сила на оваа тарифа престанува да важи Тарифата за користење на објектите за безбедност на пловидбата на поморските пловни патишта, од 31 јануари 1973 година, со измените од 1 јануари 1980 година, и Тарифата за радиоуслуги во поморската пловидба од 27 февруари 1981 година.

12. Оваа тарифа влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 356/7
11 мај 1982 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за сообраќај и врски,
**Анте Зелиќ**, с. р.

## 387.

Врз основа на член 40 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/76 и 74/80), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МЕТРОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ЗА ДАВАЧИТЕ НА ТАРИФНИ ИМПУЛСИ И ЗА ВКЛОПНИТЕ ЧАСОВНИЦИ ШТО СЕ КОРИСТАТ ВО ТЕЛЕФОНСКИОТ И ТЕЛЕГРАФСКИОТ СООБРАЌАЈ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ТАРИФИ

Член 1

Во Правилникот за метролошките услови за давачите на тарифни импулси и за вклопните часовници, што се користат во телефонскиот и телеграфскиот сообраќај за поставување на тарифи („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/79) член 4 се менува и гласи:

„Границите на дозволената грешка на давачите на импулси и на вклопните часовници под условите од член 3 на овој правилник се, и тоа за:

1) релативна грешка на периодата (фреквенцијата) на временската база на давачот на импулси $\pm 10^{-4}$;

2) релативна грешка на временските интервали меѓу два сукцесивни тарифни импулси $\pm 10^{-3}$;

